# Упатство за обележување на органските производи наменети за извоз

## (се применува со Упатството за користење на сертификацискиот знак и код на Organic Control System)

**Код на OCS за производите од Република Северна Македонија сертифицирани во согласност со OCS стандардот: MK-BIO-162**

Ова упатство содржи информации за барањата во обележувањето на органските производи наменети за извоз во ЕУ, те. сертифицирани во согласност со OCS стандардот кој е еквивалентен на Регулативата (ЕС) 834/2007.

Барањата во поглед на обележување дадени се во консолидираните верзии на **Регулативата ЕС 834/2007** во членовите 23-26, како и **Регулативата ЕС 889/2008** во членовите 31, 57-62 (односно во регулативата 271/2010).

Преглед на најважните барања даден е во продолжението.

1. **Барања за означување на пакувањата за велепродажба (етикети на амбалажата на производите кои *не се* наменети за малопродажба, цистерни, контејнери и др.)**

Задолжителни елементи за обележување:

- Етикетата мора да ги содржи податоците за ентитетот кој е одговорен за производот (производител или трговец)
- име на производот заедно со упатување на органскиот статус (на пр. „organic“)
- код на контролната организација (MK-BIO-162)
- ознака на серијата

Овие податоци исто така може да се наоѓаат на придружиот документ ако таквиот документ може еднозначно да се поврзе со амбалажата, контејнерот или превозното средство во кое се превезува производот. Тој придружен документ содржи информации за добавувачот и/или превозникот.

Незадолжителни елементи за обележување:

- ЕУ лого за органски производ (со наведување на потеклото на производот директно под кодот MK-BIO-162, видете точка 2)
- Сертификациски знак за контролната организација (да се види Упатството за користење на сертификацискиот знак и кодот на Organic Control System)

2. **Барања за етикети на малопродажна амбалажа**

Задолжителни елементи на етикетата:

- код на контролната организација (MK-BIO-162)
- термин „органски“ („organic“)

Незадолжителни елементи на етикетата:

- ЕУ логото за органски производ *не е* задолжително за употреба на органските производи кои се произведени надвор од ЕУ. Доколку одлучите да го користите ЕУ логото, обврзани сте до тоа лого да го наведете потеклото на производот на следниов начин (во зависност од потеклото

на сите земјоделски состојки во тој производ): „Non-EU Agriculture“, „EU/Non EU Agriculture“, „North Macedonian agriculture“- доколку се сите земјоделски состојки произведени во Република Северна Македонија. Овие термини можете да ги употребите на кој било од јазиците на ЕУ. Во точка 3 од ова упатство дадени се упатства за правилно користење на логото на ЕУ за органскиот производ.

- ЕУ логото за органски производ ***не е дозволен*** за производите во периодот на конверзија и за производите кои можат да се повикаат на органскиот статус само во листата со состојки (помалку од 95% органски состојки од земјоделско потекло)

## 3. Упатства за правилно користење на логото на ЕУ за органскиот производ




- Пропорциите на полето на логото се 1:1,5

- десетина од висината околу логото **мора да биде празна** (без текст)

- **Боите** се бела и светло зелена:
CMYK: 50 / 0 / 100 / 0
Pantone 376
RGB: 169 / 201 / 56

- Логото **не смее да биде помало** од 13,5 mm со 9 mm (со исклучок во случаи на многу мали пакувања висината може да биде 6 mm)

- Се препорачува фонтот Myriad Pro, регуларен или Bold

- Текстот може да биде околу логото, но мора да се води сметка за празниот простор (види ја втората ставка од оваа точка)

- позадината може да биде во која било боја, додека е логото воочливо (во спротивно мора да постои надворешна линија – рамка)

- Доколку никако не постои можност за печатење во пропишаната зелена боја постојат следниве можности:

1. Логото може да се печати во црна или темна боја, исклучиво на бела или светла позадина.

2. Доколку постои исклучиво можност за печатење во бела или светла боја, на темна позадина.



3. Во црна или темна боја на светла позадина

- **Во исто видно поле со логото треба да бидат:**
    **1) Кодот на контролната организација** на чија контрола подлежи субјектот кој ја извршил последната операција во рамките на производството или подготовката
    **2) Местото каде се одгледувани суровините** од земјоделско потекло кои влегуваат во состав на производот

- Местото каде се одгледувани суровините од земјоделско потекло **мора** да се наоѓа **веднаш под кодот**

- Првите две букви од кодот, како и цртичката не би требало да ја преминуваат сината линија на десната страна (почеток на ѕвездичката – како на сликата долу)




- Местото каде се одгледувани суровините од земјоделско потекло се наведува на следниов начин:

    EU Agriculture – доколку сите суровини се одгледуваат во ЕУ

    non-EU Agriculture – доколку сите суровини се одгледуваат надвор од ЕУ

    EU/non-EU Agriculture – доколку дел од суровините се одгледуваат во ЕУ а дел надвор од ЕУ

    North Macedonian agriculture – доколку сите суровини се одгледуваат во Република Северна Македонија.

- Малите маслени удели на состојките – помалку од 2% - можат да се занемарат, те. не влијаат на детерминантата на местото на одгледување (EU или non-EU)

- Ознаките EU или non-EU **не смеат** да бидат повидливи од името на производот

- **Забрането е** да се додава текст преку логото и во рамките на пропишаниот празен простор околу логото




Деталното упатство за употреба на логото, на англиски јазик, можете да го најдете на следниот линк:

https://ec.europa.eu/agriculture/organic/downloads/logo_en

На овој линк исто така можете да го најдете логото за преземање во различни формати.

## ПРИЛОГ 1

ЛОГО НА ЕУ

Дизајнот и формата дефинирани се во Рег. (ЕС) 271/2010

## ПРИЛОГ 2

ПРИМЕРИ ЗА ПРАВИЛНО ОБЕЛЕЖУВАЊЕ

| | | |
|---|---|---|
| AB-CDE-999<br>EU Agriculture | AB-CDE-999<br>Non-EU Agriculture | AB-CDE-999<br>EU/non-EU Agriculture |

Пример за обележување (освен стандардните елементи кои ги содржи етикетата на прехрамбени артикли):

